РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-1897/3

01-02-2024 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 99-та седница одржана на 26.01.2024 година ја донесе следната

**ОДЛУКА**

Постапката по предметот број 12-1897/1 од 31.03.2023 година, оформен по пријава со наводи за сомневање во постапка по распишан Оглас бр---------- година за продажба на одземени продвижни предмети минерална суровина- кварцен камен на право јавно наддавање по електронски пат, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошна постапување.

Предметот со број 12-1897/1 од 31.03.2023 година, да се затвори и архивира

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**Образложение**

Од страна на познат подносител, на ден 31.03.2023 година, поднесена е пријава со наводи наводи за сомневање во постапка по распишан Оглас бр.--------------- година за продажба на одземени продвижни предмети минерална суровина- кварцен камен на право јавно наддавање по електронски пат.

Во насока на утврдување на фактичката состојба и проверка на наводите во конкретниот предмет ДКСК со барање бр.12-1897/2 од 19.12.2023 година и ургенција бр. 12-298/1 од 17.01.2024 година, до ------------------------- побара да ни ја достави целокупната документација по Оглас бр.-------------

По добиениот одговор од страна ------------------------------------- со бр. 12/298/2 од 05.01.2024 година кој не известува дека на Оглас биле пријавени двајца учесници и тоа физичко и правно лице и дека е спроведена јавното надавање по што средствата од продажбата се уплатени во Буџетот на Република Северна Македонија.

По увидот во истото, ДКСК констатира дека нема елементи за натамошно постапување по предметот.

ДКСК врз основа на наведеното одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Доставено до:
- подносителот на пријавата
Изготвил: С.М
Одобрил: Г.Т -член

ДРЖАВНА КОМИСИЈА
ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
Претседател,
Биљана Ивановска

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk